


Врз основа на член 24 точка 2 од Законот за просторно и урбанистчко планирање ( Сл. Весник бр. 51/05 ) и Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистчко планирање ( Сл. Весник бр. 137/07; 91/09; 124/10; 18/11,53/11 и 144/12 ) Градоначалникот на Општина Делчево го донесува следното

С О О П Ш Т Е Н И Е

за спроведување на јавна презентација и јавна анкета

по Нацрт - Детален урбанистички план (ДУП) за Урбана единица 1, дел од урбан блок 2.1 – Кожара

Се спроведува јавна презентација и јавна анкета  по Нацрт - Детален урбанистички план (ДУП) за Урбана единица 1, дел од урбан блок 2.1 – Кожара за минимално потребен опфат од 3,0358 ха

Овој локалитет е дефиниран со следните граници:

- Југозападно граничи со осовина на река Брегалница

- Северозапад со улица Собирна Новопланирана – 1

- Североисток граничи со Сервисна улица

- Југоисточно со КП.бр.6018; КП.бр.6022; КП.бр.6023; КП.бр.6042; КП.бр.6042/1

Јавната презентација ќе се одржи на ден 25.05.2016г во просториите на Спомен дом ,АСНОМ,, ( сала на совет) со почеток во 12 часот и почетокот на јавната презентација воедно ќе претставува и почеток на јавна анкета. Јавната анкета ќе трае 10 работни дена , сметано од денот на одржување на јавната презентација.
Нацрт - Детален урбанистички план (ДУП) за Урбана единица 1, дел од урбан блок 2.1 – Кожара ќе биде изложен во просториите на Општина Делчево и аптека ,, Твоја аптека,, во Делчево и на Интернет страната на Општина Делчево.

Заинтерисираните граѓани и правни лица можат да учествуваат на јавната презентација а во времетраење на анкетата на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки и предлози на анкетните листови до Одделението за урбанизам, уредување на и одржување на градежно земјиште и заштита на животна средина при општина Делчево. Соопштението за организирање на јавна презентација и јавна анкета ќе бидат објавени во две јавни гласила и на Интернет страната на Општина Делчево .




ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО